# БРЕМЕНОСТ ВО ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈАТА СО КОВИД-19

## 1. Дали бремените жени се под зголемен ризик од Ковид-19?

Тековно се прават истражувања за да се разбере влијанието кое го има инфекцијата со Ковид-19 врз бремените жени. Податоците засега се ограничени, меѓутоа досега не постојат докази дека бремените жени се во поголем ризик да развијат потешка болест отколку генералната популација.

Сепак, поради промените кои се случуваат во нивните тела и имунолошкиот систем, досега е познато дека бремените жени можат да развијат посериозна болест од останати инфекции на дишните патишта (други инфекции различни од Ковид-19). Исто така бремените жени кои во исто време имаат и други здравствени проблеми, особено тие со хронични заболувања на респираторниот систем, висок крвен притисок, или дијабетес, имаат поголем ризик од ова заболување

Поради сето тоа, важно е бремените жени да ги преземат сите потребни мерки за да се заштитат од инфекцијата со Ковид-19, како и веднаш да се јават кај својот матичен лекар доколку имаат некои од симптомите (вклучувајќи треска, покачена телесна температура над 37,5 степени Целзиусови, сува кашлица и/или потешкотии при дишењето).

## 2. Како бремените жени да се заштитат од инфекцијата со Ковид-19

Бремените жени треба да ги преземат истите мерки за заштита од инфекција со Ковид-19, како и останатите луѓе. Можете да се заштитите преку:

- **Често миење на рацете,** со вода и сапун, во траење од најмалку 20-30 секунди, согласно на препораките за правилно миење на рацете.
- **Да се одржува физичка дистанца од други луѓе, најмалку 1-2 метра,** како и да се избегнуваат места каде што има многу луѓе.
- **Да се избегнува допирање на очите, носот и устата.**
- **Да се практикува респираторна хигиена.** Ова значи при кивање и кашлање устата да се покрие со свитканиот лакт, или со хартиено марамче кое веднаш треба да се фрли во корпа за отпадоци.

**Доколку кај бремената жена се појават симптоми како што се треска, покачена температура (над 37,5 степени целзиусови), сува кашлица или отежнато дишење** веднаш треба да се јави телефонски кај својот матичен лекар и да го извести за здравствената состојба.

По консултацијата со матичниот лекар, доколку е потребно жената може да биде упатена да направи тест за Ковид-19. Доколку ги имаат горенаведените симптоми и доколку тоа го советува матичниот лекар, бремените жени треба да направат тест за Ковид-19 бидејќи можно е да имаат потреба од посебно внимание и грижа.

Доколку тестот за Ковид-19 е позитивен, бремената жена треба да остане во самоизолација во домот и веднаш да ги извести матичниот лекар и матичниот гинеколог, кои ќе и дадат насоки за понатамошно постапување.

### 3. Дали новиот коронавирус Ковид-19 може да се пренесе од бремената жена на плодот или новороденото за време на бременоста или при породувањето

Сеуште со сигурност не се знае дали бремената жена може да го пренесе новиот коронавирус Ковид-19 на нејзиниот плод или новороденото за време на бременоста или во тек на породувањето. До сега, новиот коронавирус не бил пронајден во примероци од плодовата вода или во мајчиното млеко.

Исто така досега нема знаци дека ковид-19 ги зголемува ризиците од аномалии на плодот.

### 4. Здравствена заштита за време на бременоста – антенатална здравствена заштита и за време на породување

Во текот на оваа вонредна состојба и епидемијата со Ковид-19, сите жени, вклучувајќи ги жените кои се позитивни на Ковид-19, имаат право на пристап до високо квалитетна здравствена заштита за време на бременоста (антенатална здравствена заштита), за време на породувањето (интрапартална здравствена заштита) и по породувањето (постпартална здравствена заштита).

Квалитетна и безбедна здравствена заштита подразбира:

- Жената да биде третирана со почит и достоинство
- Жената да има право на придружба при користењето на здравствената заштита по нејзин избор
- Јасна комуникација од страна на здравствените работници
- Обезбедување на соодветен третман за обезболување при породувањето
- Соодветна подготовка за породување

Пред да одат на контрола за бременоста, пожелно е бремените жени да се јават кај својот гинеколог за да закажат термин, со цел да ја избегнат гужвата во чекалните. Доколку жената има некои од симтпомите или е тестирана позитивна за Ковид-19, треба за тоа да го извести матиниот гинеколог за истиот да ги преземе сите потребни мерки за заштита на персоналот и останатите пациенти. Кога бремените жени одат на контрола за бременоста треба темелно да ги измијат рацете, во чекалната во амбулантата треба да држат дистанца од другите лица најмалку 1-2 метри, а воедно да ги измијат или дезинфикуваат рацете при напуштање на амбулантата. Доколку жената има некои од симптомите за Ковид-19 треба да носи маска преку устата и носот.

### 5. Дали бремените жените кои се потврдени за инфекција со Ковид-19, треба да се породат со царски рез?

Не. Инфекцијата со Ковид-19 сама по себе не е индикација за породување со царски рез.

За начинот на породување треба да има индивидуален пристап за секоја жена која е инфицирана со Ковид-19 и медицинскиот тим во договор со жената ќе одлучат на кој начин ќе заврши породувањето.

***Извор: Светска Здравствена Организација***